Галеника а.д.

# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**

1. *Што претставува* ***Hydrocortison / Хидрокортизон*** *и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го земете / употребите* ***Hydrocortison / Хидрокортизон***
3. *Како да го земате / употребувате* ***Hydrocortison / Хидрокортизон***
4. *Можни несакани дејства (реакции) на* ***Hydrocortison / Хидрокортизон***
5. *Чување и рок на употреба на* ***Hydrocortison / Хидрокортизон***

## HYDROCORTISON / ХИДРОКОРТИЗОН

1% маст за око
*hydrocortisonum*

***Активна супстанција:*** хидрокортизон.
***Помошни супстанции:*** парафин бел, мек

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**
Галеника а.д. Претставништво Скопје, 1 000 Скопје, Република Македонија, ул. Лермонтова бр. 3/4/10
**Производител на лекот:**
Галеника а.д., 11 080 Белград, Република Србија, Батајнички друм б.б.

### 1. Што претставува Hydrocortison / Хидрокортизон и за што се употребува

**Фармацевтска дозирана форма**
Маст.
**Состав**
1 g маст содржи 10 mg хидрокортизон.
**Изглед**
Хомогена маст, со бела до скоро бела боја.
**Содржина на пакувањето**
Туба со 5 g маст спакувана во кутија.
Лекот **Hydrocortison/Хидрокортизон** маст за очи содржи активна супстанција хидрокортизон која припаѓа на групата гликокортикоиди.По состав и дејство е идентичен со природниот хормон на кората на надбубрежната жлезда.

При локална примена хидрокортизонот делува антиинфламаторно,односно ги намалува знаците на воспаление.
Лекот **Hydrocortison/Хидрокортизон** маст за очи се употребува во краткотрајна терапија на промени на окото кое реагира на стероидна терапија.Наменет е за окуларна примена кај возрасни и деца постари од 12 години.
Ако после 5 дена од примената на лекот не дојде до подобрување,терапијата треба да се прекине и да се јавите кај лекарот.
Пред примена на лекот треба задолжително да се исклучи габично или вирусно потекло на овие промени.

## 2. Што мора да знаете пред да го земете/употребите Hydrocortison/Хидрокортизон

Предупредете го лекарот ако земате други лекови,имате некоја хронична болест,некое нарушување на метаболизмот,преосетливи сте на лекови или сте имале алергиски реакции на некои од нив.

**Немојте да го земате / употребувате Hydrocortison/Хидрокортизон , ако:**

Лекот **Hydrocortison/Хидрокортизон** не смеете да го применувате ако имате: вирусни,габични,туберкулозни или гнојни промени на окото,глауком или херпес кератитис.Исто така не смеете да го применувате лекот ако сте преосетливи на било која негова состојка.

**Бидете посебно внимателни со Hydrocortison/Хидрокортизон :**

Во случај на недијагностицирани појави на црвенило во пределот на окото таканаречено „црвено око„ , лекот не треба да се применува.Ако нема подобрување после 7 дена од почетокот на примената на лекот,треба да се прекине со терапијата,поради тоа што долгата примена може да доведе до прикриено ширење на инфекцијата.
За време на повторена или продолжена примена на лекот постои потенцијална опасност од зголемување на интраокуларниот притисок,формирање на катаракта или неочекувана инфекција,па поради тоа неопходна е редовна лекарска контрола.

Внимателно да се применува лекот кај повозрасни лица.

**Неопходно е да се придржувате по упатството за дозирање и должина на траење на терапијата,за да се избегнат тешки несакани ефекти на окото(како што се катаракта или зголемен интраокуларен притисок).**
*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас, било кога во минатото.*

**Земање / употребување на Hydrocortison/Хидрокортизон со храна и со напиток**

Не е применливо.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Не се препорачува примена на препаратот во тек на бременост и доење,ако не е неопходно,што ќе процени Вашиот лекар.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Минливо замаглување на видот непосредно после примената може да влијае на управувањето со моторни возила и ракување со машини.

Поради тоа пред превземање на наведените активности, почекајте да се избистри видот.

**Важни информации за некои составни компоненти на Hydrocortison/Хидрокортизон**

Не се забележани несакани реакции на помошната супстанција на овој лек парафин бел,мек.

**Земање / употребување на други лекови**

*Ве молиме да имаше во вид дека овие укажувања можаш да се однесуваш и на оние производи шшо сше ги земале во минашошо или ќе ги земаше во иднина.*

*Ве молиме да го информираше Вашиош лекар или фармацевш ако земаше, или ако неодамна сше земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепш.*

Не се познати интеракции со други лекови.

**3. Како да го земате / употребувате Hydrocortison/Хидрокортизон**

*Сшрого придржувајше се кон упашсшваша на лекарош. Дозише не смееше да ги менуваше или лекувањешо да го прекинуваше без да се посовешуваше со лекар.*

Окуларна употреба кај возрасни и деца постари од 12 години.

Мала количина на маст да се стави на внатрешната страна од долниот очен капак, 1 до 2 пати на ден,најдолго 7 дена.

*Ако имаше впечашок дека ефекшош на **Hydrocortison/Хидрокоршизон** е премногу силен или премногу слаб, посовешувајше се со Вашиош лекар или фармацевш.*

**Ако сте земале / употребиле поголема доза од Hydrocortison/Хидрокортизон отколку што треба**

*Ако сше земале / уйошребиле поголема доза од **Hydrocortison/Хидрокоршизон** ошколку шшо шреба, веднаш шреба да се посовешуваше со Вашиош лекар или фармацевш.*

**Ако сте заборавиле да го земете / употребите Hydrocortison/Хидрокортизон**

*Не земајше двојна доза за да ја надоместише пропушшенаша доза.*

Следната доза од лекот земете ја во време кое е предвидено.

Ако имате било какви дополнителни прашања за примена на овој лек,известете го својот лекар или фармацевт.

**Ефекти кога престанува третманот со Hydrocortison/Хидрокортизон**

Не е применливо.

**4. Можни несакани дејства (реакции) на Hydrocortison/Хидрокортизон**

*Како и сише лекови, **Hydrocortison/Хидрокоршизон** може да има несакани дејсшва.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Во тек на примена на лекот може да дојде до појава на реакција на преосетливост односно иритација на окото,чувство на воспаление, боцкање во окото и чешање.
Локална примена на стероиди може како последица да имаат зголемување на интраокуларниот притисок,кој може да доведе до оштетување на оптичкиот нерв, намалување на острината на видот и појава на дефект на видното поле.
Интензивна или продолжена локална примена на кортикостероиди може да доведе до создавање на постериорна супкапсуларна катаракта.
Кај оние заболувања кои инаку предизвикуваат истенчување на рожницата или белката,терапијата со кортокостероиди може да доведе до натамошно истенчување, па дури и перфорација на очните јаболчници.
*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се спомenати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување и рок на употреба на Hydrocortison/Хидрокортизон**
***Да се чува на места недостапни за деца.***
Услови на чување на неотворен лек: Да се чува на температура до 25°C,во оригинално пакување.
Услови на чување после прво отворање: Да се чува на температура до 25°C во оригинално пакување,најдолго 28 дена.
Лековите не треба да се фрлаат во канализација,нити во куќен отпад.Прашајте го својот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни.Овие мерки помагаат при зачувување на животната средина.
Неупотребениот лек да се уништи во согласност со важечките прописи.

**Рок на употреба**
Рок на употреба на неотворен лек: 5 години.
Рокот на употреба истекува последниот ден од наведениот месец.
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено ...*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ